ФЕРШПЕД АД СКОПЈЕ
МЕЃУНАРОДНА И ВНАТРЕШНА ШПЕДИЦИЈА СО ЈАВНИ И ЦАРИНСКИ СКЛАДИШТА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ФЕРШПЕД АД СКОПЈЕ ЗА ДЕЛОВНАТА 2022 ГОДИНА

СКОПЈЕ, МАРТ 2022 ГОДИНА

# СОДРЖИНА

1.ЕКОНОМСКИОТ АМБИЕНТ

2.ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ДРУШТВОТО

3.БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА

4.УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

5.СРЕДСТВА И ИЗВОРИ НА ДРУШТВОТО

6.ДОЛГОРОЧЕН ДОЛГ СПРЕМА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА

7.ИСПЛАТА НА ДИВИДЕНДИ

8.КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

9.КОРПОРАТИВЕН СЕКРЕТАР

10.БРОЈ И СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ

11.ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

12.НАДВОРЕШНА РЕВИЗИЈА

13.ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

14.ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА

15.ЖИВОТНА СРЕДИНА

16.ИЗЈАВА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ СО КОДЕКСОТ ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

## 1.ЕКОНОМСКИОТ АМБИЕНТ

- Економската активност во Република Северна Македонија во 2022 година е под влијание на предизвиците и неизвесностите предизвикани од глобалните фактори. По краткотрајното опоравување во 2021 година, растот на БДП забави во 2022 година, бидејќи последиците од руската инвазија на Украина и енергетската криза го прекинаа закрепнувањето по пандемијата. По забележаниот раст на БДП од 3,9 % во 2021 година, БДП во 2022 година регистрираше раст од 2,1%;
- Во периодот јануари – декември 2022 година индустријата забележа пад од 0,3%, што се должи на намаленото производство во секторите Преработувачка индустрија и Рударство и вадење камен;
- Годишната стапка на инфлација во 2022 година изнесува 14,2%, пред се како резултат на пораст на цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци (20,9%) и енергијата (14,8%). Растот на инфлацијата ги отсликува движењата предизвикани од геополитичката ситуација што резултираа со раст на цените на примарните прозиводи на светските пазари;
- Во 2022 година НБРСМ како одговор на растечката инфлација во неколку наврати ја зголеми основната каматната стапка, до нивото од 4,75% (од 1,25% во март 2022 година).
- Во текот на годината, заклучно со декември 2022 година, номиналните нето плати се зголемија за 11%, но двоцифрената инфлација значеше дека растот на реалните плати е негативен;
- Вкупната надворешнотрговска размена во 2022 година изнесува 20.424,8 милиони евра и бележи раст од 23,3% во однос на истиот период минатата година.
    - Вредноста на извезените стоки во 2022 година изнесува 8.299,6 милиони евра и бележи раст од 19,9% (1.377,0 милиони евра) во однос на 2021 година, а физичкиот обем на извозот пад од 3,3%.
    - Вредноста на увезените стоки во 2022 година изнесува 12.125,2 милиона евра и бележи раст од 25,8% (2.486,9 милиони евра) во однос на 2021 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 8,1%.
    - Во 2022 година, трговскиот дефицит се зголеми за 40,9% односно 1.109,9 милиони евра споредено со 2021 година.

ФЕРШПЕД АД Скопје работеше согласно деловната политика за 2022 година и стратешки насоки. Во текот на годината, со промена на економски услови во кои работеше Друштвото, соодветно се прилагодуваа тековните активности и финансиската политика на Друштвото.

## 2.ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ДРУШТВОТО

Акционерското друштво за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД Скопје е основано и работи во Република Северна Македонија. Скратениот назив на Друштвото е : ФЕРШПЕД АД Скопје.

Основната дејност што ја обавува ФЕРШПЕД АД Скопје е останати придружни дејности во превозот. Друштвото обавува и други дејности: складирање, трговија со мешовита стока и угостителство.

Со состојба на 31.12.2022 година Друштвото има издадено само обични акции.
Основната главнина на ФЕРШПЕД АД Скопје се состои од 18.113 обични акции.
Номиналната вредност на една акција изнесува 37.400 денари.
Меѓународниот идентификационен број на акциите,ИСИН број е MKFERS101018.

ФЕРШПЕД АД Скопје со состоја на 31.12.2022 година има откупено 1.810 обични акции или 9,99 % од основната главнина.

Седиштето на друштвото е на ул. Македонија бр. 11а, Скопје.

## 3.БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА

Акците на Друштвото котираат на Официјален пазар на Македонска берза АД Скопје со тикер FERS.

## 4.УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Системот за управување со ризици и неговиот опфат се усогласени со развојниот план и деловната политика на друштвото, одговараат на природата, видот и обемот на активности кои што ги врши друштвото и истиот е предмет на редовно унапредување, имајќи ги во предвид промените во надворешното окружување, профилот на Друштвото, проширување на пазарите и слично.

Во своето работење Друштвото е изложено на повеќе видови на финансиски ризици како што се пазарниот ризик (ризик од промена на девизните курсеви и ризик од промена на цените), кредитниот ризик, ризикот од промена на каматните стапки и ризикот од неликвидност. За управување со финансиските ризици е надлежен Органот на управување - Одборот на Директори. Основата на управувањето со финансискиот ризик се состои во изнаоѓање начини за навремено минимизирање на потенцијалните негативни ефекти.

1. **Пазарен ризик**

**Ризик од промени на девизниот курс**

ФЕРШПЕД АД Скопје во своето работење учествува во меѓународни трансакции заради продажби и набавки на производи, стоки и услуги. Овие трансакции се искажани во странски валути. Друштвото користи и долгорочни кредити деноминирани во странска валута.

Друштвото не користи соодветни финансиски инструменти за да го намали овој ризик, бидејќи вакви инструменти не се во примена во Република Северна Македонија. Поради тоа, Друштвото е изложено на ризик поврзан со можните флуктуации на курсевите на странските валути.

**Ризик од промени на цените**

ФЕРШПЕД АД Скопје е изложен на ризик од промена на пазарните цени на вложувањата расположливи за продажба затоа што овој вид на ризик е надвор од контрола на Друштвото.

2. **Кредитен ризик**

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога купувачите на неговите производи да не можат да ги извршат своите обврски кон Друштвото.

Побарувањата од купувачите вклучуваат побарувања од поголем број купувачи со умерени салда, што претставува спроведување на политиката на дисперзија на побарувањата на поголем број купувачи со цел да се избегне зависноста од мал број на купувачи.

3. **Ризик од промени на каматните стапки**

Друштвото е изложено на ризик од промени на каматните стапки кога користи кредити и кога има депонирани средства во банки. Обврските по кредити вообичаено се отплатуваат по променливи каматни стапки. Депозитите вложени во банки исто така се подложни на промени на каматните стапки зависни од движењата на финансиските пазари. Ова го изложува Друштвото на можен ризик од промени на каматните стапки.

ФЕРШПЕД АД Скопје нема посебна политика за намалување на каматниот ризик и истиот го регулира преку директни преговори со банките.

4. **Ризик од неликвидност**

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со паричните средства навремено да ги плаќа обврските спрема доверителите и кредиторите.

Друштвото нема ликвидносни проблеми во работењето затоа што води политика на навремено обезбедување на потребните парични средства за плаќање на доспеаните обврски.

5. **Ризик од финансирање**

Друштвото го следи ризикот од финансирање преку показателот за задолженост. Овој показател се пресметува како однос меѓу нето обврските и вкупниот капитал. Нето обврските се пресметуваат како разлика помеѓу вкупните кредити и позајмици (краткорочни и долгорочни) и паричните средства.

Одборот на Директори на ФЕРШПЕД АД Скопје врши редовно следење на кредитната задолженост.

## 5. СРЕДСТВА И ИЗВОРИ НА ДРУШТВОТО

Согласно Билансот на состојба вредноста на активата (средствата) и на пасивата (изворите) на ФЕРШПЕД АД во 2022 година изнесува 2.095.395 илјади денари, и во однос на 2021 година се намалени за 16,4% .

Структурата на средствата покажува учество на нетековните средства од 85,4% а на тековните средства од 14,6% во вкупните средства.

Краткорочните побарувања бележат намалување во однос на 2021 година и истите изнесуваат 168.958 илјади денари, а од нив најголем дел се однесува на побарувањата од купувачите.

Краткорочните финансиски средства изнесуваат 150 илјади денари и истите бележат значително намалување во однос на 2021 година.

Структурата на изворите покажува учество на главнина и резерви со 89,1% а на обврските со 10,9% во вкупните извори.

Вкупните обврски изнесуваат 163.521 илјади денари и покажуваат пад од 28,1% во однос на 2021 година. Од вкупните обврски на долгорочни обврски отпаѓаат 1.577 илјади денари кои покажуваат доста голем пад во однос на предходната година, додека краткорочните обврски изнесуваат 161.944 илјади денари кои бележат пад од 25,2 % во однос на 2021 година, а во кои најголемо учество имаат обврските кон добавувачите во износ од 105.028 илјади денари.

## 6.ДОЛГОРОЧЕН ДОЛГ СПРЕМА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА

Долгорочниот долг, односно долгорочните кредити на ФЕРШПЕД АД Скопје учествуваат со 0,08% во главнината (капитал и резерви).

## 7.ИСПЛАТА НА ДИВИДЕНДИ

На Годишното собрание на акционери одржано на 31.05.2022 година одобрена е пресметка и исплата на бруто дивиденда за 2021 година од акумулираната нераспределена добивка до 2008 година во износ од 8.966.650 денари, односно 550 денари бруто за една акција.

## 8.КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

По усвојувањето на Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонската берза во Октомври 2021 година, ФЕРШПЕД АД Скопје презеде активности за приспособување и примена на одредбите од Кодексот и усогласување на внатрешните акти на Друштвото со Кодексот. Особено е важно да се нагласи дека усогласеноста со нормативните и етичките принципи постоела и претходно, при што процесот на создавање систем на усогласеност претставува продолжена активност.

Собранието на акционери како највисоко тело на друштвото одлучува за прашања согласно својата надлежност од Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото. Во извештајната година Собранието одржа редовна седница на 31.05.2022 година на која беа усвоени предложените одлуки. При свикување на Собранието во целост беше испочитувана постапката на свикување, достапноста на информациите, постапката на пријавување на присуство и начинот на водење на Собранието.

Управувањето во ФЕРШПЕД АД Скопје е организирано според едностепен систем на управување, Орган на управување - Одбор на Директори, составен од 5 члена, Штерјо Наков – Неизвршен член и Претседател, Иван Петровски- Извршен член и Генерален директор, Драган Наков –Извршен член и Заменик генерален директор, Анета Лазарова - Неизвршен член и Лидија Трајковиќ- Неизвршен независен член.

Во рамките на овие надлежности, Одборот на директори во овој извештаен период своите активности и работењето особено го насочија кон продолжување на профитабилното работење на Друштвото, континуирано управување со ризиците во работењето, планирање, развој и промоција на услугите, како и усогласување на актите и политиките со измените во законската и подзаконската регулатива. Деловната политика на управување и спроведување на одлуки се базира на примена на практиките на добро корпоративно управување.

Во насока на водењето на управувањето со работата на друштвото, Одборот на директори на Фершпед АД Скопје одржаа вкупно 11 седници во деловната 2022 година.

Транспарентноста и спречување на судирот на интереси се посебна вредност на системот на корпоративно управување на Друштвото. Одборот на директори е посветен на адекватно и навремено информирање на сите заинтересирани страни преку системот за електронски информации за котираните друштва на Македонска берза и дополнително преку интернет страната на Друштвото.

Вкупно на сите вработени , вклучувајќи ги и членовите на Одборот на директори вработени во Друштвото во текот на 2022 година, на бруто основа се вкалкулирани 199.438 илјади денари за плати, регрес, награди како и за други надоместоци од работен однос пропишани со закон. Во извештајната 2022 година беа вкалкулирани вкупно 18.971 илјади денари по основ на бруто плати, награди и осигурување на членовите на Одбор на директори вработени во друштвото како и 11.512 илјади денари на останатите членови на Одборот на

директори кои не се вработени во друштвото по основ на други примања-месечен надомест за учество во Органи на управување, награди и примања по основ на осигурување.

Надоместоците на членовите на Одбор на директори по основ на членување во органи на управување во други друштва за извештајната 2022 година во бруто износ изнесуваат 1.440 илјади денари. На член од Одбор на директори по основ на бруто плата кај друг работодавач му се исплатени 1.175 илјади денари.

## 9.КОРПОРАТИВЕН СЕКРЕТАР

Согласно примената на Кодексот за корпоративно управување се спроведе внатрешна реорганизација и назначување на Корпоративен секретар кој започна со извршување на своите функции од 01.01.2022 година и ќе работи во рамки на одредбите на Кодексот со главна функција да обезбеди стручна и административна подршка на органите на управување на Друштвото.

Внатрешната организациона поставеност на Друштвото е врз основа на поделба на работите по организациони единици, сектори и служби кои делуваат во рамките на Друштвото.




## 10.БРОЈ И СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ

На крајот од деловната 2022 год. друштвото броеше 305 вработени од кои во редовен работен однос 235 лица, а на определено работно време 70 лица.

Од вкупните вработени 119 се жени и 186 се мажи.

**Квалификационата структура на вработените на 31.12.2022 година**

| Ред. број | Вид на квалификација | Број на вработени | Процентуално учество |
|---|---|---|---|
| 1. | Магистри | 6 | 1,9 |
| 2. | ВСС (240 кредити) | 83 | 27,2 |
| 3. | ВСС (180 кредити) | 22 | 7,2 |
| 4. | ВШС | 2 | 2,3 |
| 5. | ССС (4 год.) | 121 | 39,7 |
| 6. | ССС (3 год.) | 46 | 15,1 |
| 7. | ОС-нижо | 22/3 | 7,2 |
| | **Вкупно :** | **305** | **100,0** |

**11.ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**

Согласно одредбите на Законот за трговските друштва во ФЕРШПЕД АД Скопје е организирана Служба за внатрешна ревизија, како независна организациска единица во Друштвото која врши внатрешна ревизија на работењето на друштвото.

Службата за внатрешна ревизија врши постојана и целосна ревизија на законитоста правилноста и ажурноста на работењето на друштвото преку оцена на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола, оцена на спроведувањето на политиките за управување со ризици, оцена на поставеноста на информатичкиот систем, оцена на точноста и веродостојноста на финансиските извештаи, проверка на точноста, веродостојноста и навременоста во известувањето согласно со прописите како и перманентно следење на почитувањето на прописите, политиките и процедурите на Друштвото.
Во 2022 година Службата за внатрешна ревизија вршеше ревизија согласно донесениот годишен план за работа. Ревизиите се извршени и согласно истите е изработен полугодишен и годишен извештај.

**12.НАДВОРЕШНА РЕВИЗИЈА**

Собранието на акционери го избира независниот надворешен ревизор. Надворешната ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи се спроведува во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија кои се применуваат во Република Северна Македонија. Ревизија на годишната сметка и финансиските извврештаи на ФЕРШПЕД АД Скопје за 2022 година е извршена од страна на ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје. Ревизорското друштво не извршува други услуги за ФЕРШПЕД АД Скопје.

## 13.ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

За периодот јануари-декември 2022 година, ФЕРШПЕД АД Скопје оствари оперативна добивка во износ од 90.041 илјади денари. ФЕРШПЕД АД Скопје во 2022 година оствари позитивен финансиски резултат, односно нето добивка во износ од 81.873 илјади денари.

Табеларен приказ на резултатите од работењето (во илјада ден.)

| ред бр. | Позиции | Резултати во 2021 год. | Резултати во 2022 год. | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Оперативни приходи | 4.600.053 | 4.609.144 | 100 |
| 2. | Оперативни расходи | 4.509.012 | 4.519.103 | 100 |
| 3. | Оперативна добивка/загуба | 91.041 | 90.041 | 99 |
| 4. | Финансиски приходи | 4.212 | 3.991 | 95 |
| 5. | Финансиски расходи | 982 | 1.880 | 191 |
| 6. | Нето добивка /загуба | 83.027 | 81.873 | 99 |
| 7. | Заработувачка по акција | 5.093 | 5.022 | 99 |

Приходите од работењето во 2022 година во износ од 4.609.144 илјади денари се на исто ниво во однос на приходите од 2021 година и истите се состојат од следниве видови на приходи :

Табеларен приказ на резултатите од работењето (во илјада ден.)

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Приходи од продажба**<br><br>(од кои за извоз на стоки и услуги во странство се однесува 166.182 илјада ден.); | **4.595.920** |
| 2. | **Останати приходи**<br>(бележат значителен пораст во однос на предходната година, а во оваа група влегуваат приходите :<br>од капитална добивка од продажба на постојани средства и опрема, вишоци на суровини и стоки приходи од наплатени штети, наплатени побарувања<br>од исправка на вредноста на истите, приходи од поранешни години, приходи од отпис на обврски и друго). | **13.224** |
| | **Вкупно приходи од работење** | **4.609.144** |

Финансиските приходи во износ од 3.991 илјади денари бележат пад во однос на истите во 2021 година, а тие произлегуваат од приходи по основ на курсни разлики во износ од 715 илјади денари, приходи по основ на вложувања во поврзани субјекти (дивиденди ) од 2.987 илјади денари и приходи од камати во износ 289 илјади ден.

**Расходите од работењето се состојат од следниве видови на расходи**:

Табеларен приказ на резултатите од работењето (во илјада ден.)

| Р.бр. | Видови расходи | Износ |
|---|---|---|
| 1. | **Набавна вредност на продадени трговски стоки** (бележат зголемување од 11% во однос на 2021 година, а се однесуваат на набавна вредност на трговските стоки за продажба на големо, набавна вредност на продадени стоки на бензин-ската пумпа како и дополнителни асортимани); | **225.367** |
| 2. | **Потрошени суровини и други материјали** (значително зголемени во споредба со 2021 год.а истите се однесуваат за потрошени материјали во хотелиерството (храна, пијалоци), други материјали, горива и ситен инвентар); | **113.524** |
| 3. | **Услуги со карактер на материјални трошоци** (овие расходи бележат значителен пораст во однос на истите во 2021 год. во кои расходи најголемо учество имаат платените царини во вредност од 3.273.411 илјади ден., потоа транспортните услуги, па телекомуникациски и ПТТ услуги, тековно одржување, закупнини,комунални услуги, реклами и огласи и други услуги); | **3.877.676** |
| 4. | **Останати трошоци од работењето** (бележи пораст од 19%, а во оваа група на трошоци влегуваат данок на имот, премии за осигурување, административни и судски такси, членарини, услуги од агенции, консултански и интелектуални услуги и друго); | **47.087** |
| 5. | **Расходи за вработените** (овие расходи бележат пораст од 16% во однос на минатогодишните, а се однесуваат за нето плати и надоместоци на плата, трошоци за даноци на плати и надоместоци плата, придонеси од задолжително социјално осигурување и останати трошоци за вработените); | **199.438** |
| 6. | **Амортизација на материјални и нематеријални средства** (бележи пораст од 19% во однос на минатогодишната); | **52.661** |
| 7. | **Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековните средства** | **1.724** |
| 8. | **Останати расходи од работењето** (овие расходи бележат пораст во однос на истите од 2021 год., а се однесуваат на капитална загуба од продажба на постојани средства , отпис на побарувања, надомест на штети за обртни средства, други дополнително утврдени расходи од минати години). | **1.626** |
| | **Вкупно расходи од работење** | **4.519.103** |

Расходите од работењето во износ од 4.519.103 илјади денари се на исто ниво во однос на расходите во 2021 година.

Финансиските расходи во износ од 1.880 илјади денари бележат значително зголемување во однос на истите во 2021 година.

**14.ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА ВО ТЕКОТ НА 2021 ГОДИНА**

ФЕРШПЕД АД Скопје во текот на 2022 година реализира нови вложувања во инвестиции во тек во износ од 7.952 илјади денари. Во 2022 година ФЕРШПЕД АД Скопје изврши нови вложувања во градежни објекти во износ од 15.834 илјади денари и во опрема во износ од 21.336 илјади денари.

**15.ЖИВОТНА СРЕДИНА**

Како компанија ФЕРШПЕД АД Скопје е посветена на интегрирање за одговорно управување со животната средина. Преку своите деловни активности има за цел да имплементира и одржува соодветни системи за управување и заштита на животната средина. Друштвото согласно својата регистрирана дејност за работење не загадува. Ги почитуваме и унапредуваме основните еколошки аспекти во однос на бучава, отпад и ја рационализираме потрошувачката на електрична енергија и вода.

Генерален Директор
Иван Петровски

**Изјава за усогласеност со Кодексот за корпоративно управување**

Ние, извршни членови на Одборот на директори на ФЕРШПЕД АД Скопје, изјавуваме дека друштвото во своето работење го применува Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва на Македонска берза АД Скопје, објавен на интернет страната на Берзата www.mse.mk.
Друштвото ФЕРШПЕД АД Скопје ги применува принципите и најдобрите практики на корпоративно управување предвидени во Кодексот според пристапот (примени или појасни зошто не си применил), преку пополнување на прашалници чија форма и содржина е пропишана со Кодексот.
Со оваа Изјава потврдуваме дека прашалниците се објавени на СЕИ-НЕТ и на интернет страницата на ФЕРШПЕД АД Скопје и дека одговорите во истите се точни и вистинити и веродостојно ја отсликуваат примената на принципите и најдобрите практики на корпоративното управување од страна на друштвото пропишани со Кодексот за корпоративно управување.

Изјавиле:

1. Иван Петровски ____________

2. Драган Наков ____________